РЕЦЕНЗИЈА

за проф. д-р Сибила Петлевски

кандидат за член надвор од работниот состав

Сибила Петлевски, истакната хрватска писателка, е ќерка на сликарот Ордан Петлевски, Македонец роден во Прилеп, но кој се стекнал со ликовно образование во Загреб и целиот свој век го минал во Хрватска. Преку татковото потекло, емотивно врзана за Македонија, Сибила Петлевски е потврден пријател на македонската култура и литература. Својата врска со Македонија таа ја пројавила во низа случаи, и во своите книжевни и научни активности секогаш настојува да има блиски релации со своите македонски колеги.

Родена е во Загреб, во 1964 година. Дипломирала, магистрирала и докторирала на Филозофскиот факултет на Свеучилиштето во Загреб. Нејзината дејност се реализира на две полиња: од една страна, таа е истакнат научен деец во областа на истражувањата поврзани со театарот, театролог, чиишто проучувања се собрани во четири книги со студии, а од друга страна – таа е поетеса, романсиерка, драмска писателка, либретистка, литературна преведувачка. Авторка е на десетина збирки поезија, на шест романи, четири драми и две либрета за опери. Некои од нејзините збирки поезија и неколку романи се преведени на македонски јазик.

Вкупно објавила дваесет и шест книги од различни литературни и научни жанрови.

Член е на Друштвото на хрватските писатели и на хрватскиот ПЕН-центар. Член е на Европската поетска академија (Луксембург) и дописен член на Академијата „Маларме“ (*Academie Mallarme*) (Париз). Почесен член е на Друштвото на писателите на Македонија.

Редовен член е на Хрватската академија на науките и уметностите. Редовен професор е на Академијата за драмски уметности на загрепското Свеучилиште.

За својата кижевна и научна дејност Сибила Петлевски добила повеќе престижни награди: Годишната награда „Владимир Назор“ (1993), Наградата на Градот Загреб за придонес во науката и литературата (2015), наградата „Т-портал“ за најдобар хрватски роман во 2010 година. Добитничка е на Меѓународната награда за поезија „Поетека“ во 2004 година (Драч, Албанија). Нејзината драма „Ледениот генерал“ беше наградена во европската селекција на Берлинскиот фестивал „Фестшпиле Штукемарт“ во 2005 година, а нејзината драма „Птица-лира“ беше наградена во селекцијата на Меѓународниот натпревар „10-ти женски драматург Интернационал“ во 2025 година. Добитничка е на Меѓународната награда за поезија „Кристал Виленица“ (Словенија) за 2020 година.

Во современиот книжевен живот на Хрватска, Сибила Петлевски се јавува како една мошне маркантна фигура. Таа пројавува активности на повеќе планови, јавувајќи се во повеќе улоги – како уредничка на книжевни списанија, организаторка и учесничка на

книжевни собири, раководна личност во писателските организации, членка на стручните колегиуми, *Spiritus movens* на многубројни културни манифестации. Исполнета со една неисцрпна енергија, таа не се задоволува само со посветување на својата книжевна креација, онаа што се реализира врз работната маса, во тишината на кабинетот, туку постојано наоѓа начини да дејствува и во јавниот простор, искажувајќи ги своите ставови и барајќи можности тие ставови да се претворат во конкретна акција. Нејзината приврзаност кон Македонија е мошне видлива: во сите енциклопедиски изданија, како и во средствата на современата информатика, под одредницата „Сибила Петлевски“, покрај првата апозиција „хрватска писателка“, стои секогаш и дополнувањето: „од македонско потекло“. Сосема природно би било таа да стане уште поблиска до македонската култура и литература, кон кои таа одгледува несомнени афинитети, и да биде избрана за член надвор од работниот состав на МАНУ.

Поради тоа, предлагам Сибила Петлевски да биде избрана за член надвор од работниот состав на Македонската академија на науките и уметностите.

акад. Влада Урошевиќ, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

за проф. д-р Сибила Петлевски

кандидат за член надвор од работниот состав

Сибила Петлевски, ќерка на истакнатиот хрватски сликар со македонско потекло Ордан Петлевски, е угледна хрватска писателка. Уште од млади години, таа воспоставила трајни врски со татковата татковина, Македонија, и во целиот натамошен период ги одржувала мошне интензивно. Таа соработува со македонските културни институции и поединци, се интересира за македонската култура и литература, нејзините дела се преведувани на македонски јазик, а и таа самата повремено пишувала за некои македонски писатели и ги преведувала нивните дела на хрватски јазик.

Родена е во Загреб, во 1964 година. Дипломирала, магистрирала и докторирала на Филозофскиот факултет на Свеучилиштето во Загреб. Има голем опус – и книжевен и научен. Поетеса, романсиерка, драмска писателка, либретистка, литературна преведувачка, уредничка на литературни и научни публикации, истражувачка во областа на театарските студии.

Редовен член е на Хрватската академија на науките и уметностите, ХАЗУ. Член е на Друштвото на хрватските писатели и на Хрватскиот ПЕН-центар. Член е на Европската поетска академија (Луксембург) и дописен член на поетската Академија „Маларме“ („Academie Mallarme“) (Париз). Почесен член е на Друштвото на писателите на Македонија.

Редовен професор е на Академијата за драмски уметности на загрепското Свеучилиште.

Во својот книжевен опус, таа ги вбројува дванаесетте збирки поезија, од кои некои се напишани на хрватски, а некои на англиски јазик. Има објавено девет романи, од кои повеќето се преведени на македонски јазик. Напишала шест драми и две либрета за опери.

Нејзините научни истражувања, поврзани со театрологијата, се собрани во четири книги: „Симптоми на драмската модерност“ (2000), „Театар на меѓуигра“ (2001), „Драма и време“ (2008) и „Театар на срамот“ (2015). Покрај тоа, има објавено голем број научни трудови во стручните списанија во земјата и во странство.

Во 1991 година ја објавила антологијата на поновата американска поезија, „Спин-оф“, во која се јавува како авторка на изборот, на преводот, на критичките коментари и на воведната студија.

Објавила вкупно дваесет и шест книги од различни литературни и научни жанрови.

За својата книжевна и научна дејност, Сибила Петлевски добила повеќе престижни награди: Годишната награда „Владимир Назор“ (1993), Наградата на Градот Загреб за придонес во науката и литературата (2015), наградата „Т-портал“ за најдобар хрватски роман во 2010 година. Добитничка е на Меѓународната награда за поезија „Поетека“ во 2004

година (Драч, Албанија). Нејзината драма „Леденииот генерал“ беше наградена во европската селекција на Берлинскиот фестивал „Фестспиле Штукемарт“ во 2005 година, а нејзината драма „Птица-лира“ беше наградена во селекцијата на Меѓународниот натпревар „10-ти женски драматург Интернационал“ во 2015 година. Добитничка е на Меѓународната награда за поезија „Кристал Виленица“ (Словенија) за 2020 година.

Како творец со богат и разновиден опус, Сибила Петлевски секако претставува значајна фигура во современиот книжевен живот на Хрватска. Извонредно активна, вклучена во многубројни домашни и меѓународни проекти, присутна на книжевните фестивали и научни средби во земјата и во странство, таа создава околу себе силна аура на влијание, на формирање мислење, на поттикнување на акција. Нејзината приврзаност кон Македонија, како кон земја на своето подалечно потекло, е повеќепати докажана. Поради тоа, сметам дека веќе постојната врска со една ваква истакната и значајна личност на хрватската култура треба да биде уште позајакната со нејзин прием во МАНУ како член надвор од работниот состав.

Ја предлагам Сибила Петлевски за член надвор од работниот состав.

акад. Божин Павловски